Ceresit FUSION

Повеќенаменски неутрален силикон - нова генерација силикон

КАРАКТЕРИСТИКИ

- Еднокомпонентен неутрален силикон
- Погоден за заптивање и лепење
- Подготвен за употреба
- Отпорен на UV зраци, временски влијанија и стареење
- Водоотпорен
- Лепење без нанесување на пред премер на различни подлоги - стакло, плочки, керамика, анодизирани или чист алуминиум, челик, нерѓувачки челик, полиестер, PC, PVC, бетон, и останати впивачки подлоги
- Едноставна примена
- Неутрален силикон со ниска емисија
- 12.5% можност за движење
- Мазен и сјаен изглед (за транспарентен производ)
- Мазен и мат изглед (за бел производ)
- Отпорен на различни хемиски и физички влијанија
- Без мирис при примена
- Без опасни состојки МЕКО



ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Ceresit Fusion е соодветен за заптивање агли и споеви изложени на временски влијанија, за PVC, алуминиумски и дрвени врати, прозорски оквири,за споеви и лепење плочки, за споеви на водовод, вентилациски канали, за одржување чамец и камп приколка, за надворешна и внатрешна употреба.

ПРИПРЕМА НА ПОДЛОГАТА

Ceresit Fusion се нанесува на чисти, суви површини без прашина, масти и супстанци кои можат да предизвикаат неправилно лепење на силиконот. Остатоците од стариот силикон или друг материјал потребно е целосно да се отстрани, (доколку е потребно користете отстранувач на силикон). Одмастувањето се врши со помош на перниче натопено во разредувач (алкохол или медицински бензин) а потоа следи бришење со чиста крпа. Користете заштитна трака на рабовите со цел да добиете најдобри резултати.

Кај димензиите на споевите, имајте ја во предвид можноста за движење на силиконот како и локалните прописи. Општо, ширината на споевите треба да биде од 10mm до 35mm и двоструко поголема длабочина. Ceresit Fusion не бара пред премер. Освен во случаи на потапување, посебно на порозни површини, се препорачува користење на одреден премаз.

НАЧИН НА УПОТРЕБА

Штом се нанесе материјалот за заптивање (полиуретанска пена на затворени или отворени ќелии), силиконот се нанесува кога спојот е целосно полн. Израмнувањето на силиконот обезбедува добра врска помеѓу заптивната маса и површината за лепење. После нанесувањето, спојот испрскајте го со растворен детергент (сапунска вода) и измазнете со соодветен алат. Траката отстранете ја веднаш штом се формира кожичката. Измазнете го силиконот над сите заптивни агли. Дамките од свежиот силикон може да се исчистат со чисто перниче или натопено со разредувач . Стврднатиот силикон може да се отстрани со стругалица или со помош на посебен производ за отстранување на силикон.

ВНИМАНИЕ

Споевите треба да бидат чисти и одржувани. Обратете внимание на добра и редовна циркулација на воздухот и просторијата во која се нанесува силиконот. Брзината на стврднување зависи од температурата, влажноста на воздухот и од димензијата на споевите. Ниските температури, ниската влажност на воздухот или големите димензии на споевите бараат подолго време на стврднување.

Производот не е наменет за споеви кои се во директен контакт со храна или за конструкции со стакло. Не смее да се користи како средство за заптивање во изолациски стаклени единици, не смее да дојде во контакт со рабовите на силиконот на изолациското стакло. Производот не смее да дојде во контакт со меѓуслојно ламинирано стакло. Не се препорачува за споеви во базени, аквариуми или под вода. Ceresit Fusion не смее многу да се бои. Се препорачува претходно тестирање на компатибилноста со обзир на различноста на боите кои постојат.

Производот не се препорачува за материјали кои со тек на време можат да испуштаат одредени компоненти (бутил, силикони, EPDM, гуми, полихлоропен, битумен и сл.) бидејќи може да дојде до намалување на лепењето. Примената на Ceresit Fusion на природен камен не се препорачува. Постои специјален силикон за природен камен. Не се препорачува за примена на PMAA, олово, PTFE или полиетилен. За било каква примена на осетливи површини (пр. огледало) направете претходно тестирање за да ја проверите компатибилноста со силиконот.

ВАЖНИ ИНФОРМАЦИИ

Овие технички податоци ги опишуваат карактеристиките и примената на производот, но не можат да ја заменат професионалната пракса. При употреба потребно е да се придржувате до сите сигурносни мерки и заштита при работа. Ослободува метанол при зацврстувањето.

Производителот гарантира за квалитет на материјалите, но нема влијание на условите на работа и правилна примена. Условите при примена можат да бидат различни од наведените, поради тоа се препорачува да направите тест за да се уверите дека производот е погоден за примена во условите во кои работите.

РОК НА ТРАЕЊЕ/СКЛАДИРАЊЕ

Производот да се чува на суво место на температура помеѓу 5°C и 25°C.

Рок на траење на производот е 18 месеци во оригинално пакување од датумот на производство.

PAKOVANJE

Пластична туба од 280ml.

Покрај информациите дадени во овој технички лист, важно е да се придржувате до релевантните упатства и правила на различни организации и компании, како и применливите домашни стандарди. Овие карактеристики се засноваат на нашето професионално знаење и искуство. Соодветни својства и употреби што не се наведени во овој лист, бараат наша писмена потврда. Сите информации се дадени во однос на температурата на воздухот и материјалот од + 23°C и 50% релативна влажност, освен ако не е специфично одредено. Имајте во предвид дека во случај на различни климатски услови, стврднувањето може да се забрза или забави, и да самиот производ подлежи на локални услови како што се количина на вода и стврднување. Производ од друго место на производство може да се разликува.

ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ

НЕСТВРДНАТ ПРОИЗВОД

Вид на силикон:	Неутрален
Изглед:	Паста
Густина (ISO 2811-1)	~0,99 g/ml (транспарентен) ~1,37 g/ml (бел)
Отпор на течење (ISO 7390):	~1 mm

СТВРДНУВАЊЕ

Време на настанување на кожичка:	~15-30мин.(+23°C/50% r.h.)
Време на сушење:	2-2,5 mm / ден (+23°C, 50% r.h., пресек на спој 20x10 mm)
Работна температура:	+5 до + 40°C

ЦВРСТ ПРОИЗВОД

Тврдливост (ISO 868) :	~2 (транспарентен) ~20 (бел)
Можност за растегнување (ISO 11600):	12,5 %
Максимална ширина на споеви:	30 mm
Промена на волумен (ISO 10563) :	<25%
Отпорност на температура:	-30 до +120°C

МЕХАНИЧКИ СВОЈСТВА:

Еластичност (ISO 7389-A):	~75 %
100 % модул (ISO 8339-A):	~0,25 N/mm^2(транспарентен) ~0,3 N/mm^2(бел)
Растегнување (ISO 8339-A):	~200% (транспарентен) ~300% (бел)

Дадените информации, особено препораките за ракување со нашите производи и нивната примена, се засноваат на нашето стручно знаење и искуство. Бидејќи материјалите и условите може да се разликуваат во секоја наменета апликација и затоа немаме влијание врз нив, препорачуваме во секој случај да се направат соодветни тестови за да се провери соодветноста на нашите производи за наменетата примена и употреба. Ниту една правна одговорност не може да се прифати врз основ на содржината на овој технички лист или усните совети, освен ако не постојат докази за нашата намера или сериозна негрижа според Законот за одговорност за производот.

Henkel CEE
www.ceresit.mk

Квалитет за професионалци